# Roma Index

Бр.2 / 2016

## Топ Тема

**ТУТОРСТВОТО – ПАТОКАЗ ЗА УСПЕШНО СТУДИРАЊЕ**



## Интервју

**РОМАВЕРЗИТАС – СТОЛБ НА ИДНАТА РОМСКА ЕЛИТА**



## Ромски идентитет

**5ТИ НОЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА РОМСКИОТ ЈАЗИК**



# Содржина


**3** **Инфо**
Работилница
Повик за СИП
Повик за тутори

**4** **Коментирам значи постојам**
Неформалното образование ја јакне самодовербата

**5** **Топ Тема**
Туторството – патоказ за успешно студирање

**7** **Интервју**
Ромаверзитас – столб на идната академска елита на Ромите

**11** **Рома Индекс советува**
Знаеме да јадеме, но не знаеме да се храниме

**12** **Рома Индекс препорачува**
Пристап и работа со google drive

**14** **Рома Идекс застапува**
Промените почнуваат од почеток

**15** **Анализа**
Афирмативни мерки за надминување на фактичката нееднаквост

**18** **Ромски идентитет**
5ти Ноември – Меѓународен ден на Ромскиот јазик

**19** **Алумни**
Вложувањето во себе е најисплатлива инвестиција



***За издавачот:***

**Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“**
**- ISSN 2545-4005**

***Новинари***:



*Сибел Бајрам, студент на Филолошки факултет „Блаже Конески“*


*Сумеа Рахим, студент на Медицински факултет - Скопје*


*Кенан Таир, студент на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство*


*Доан Сулејманоски, студент на Факултет за правни науки*


Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“:

*Силхан Саитов, Проектен менаџер*
*Сеара Сулејман-Османи, Финансиски асистент*
*Шенај Османов, Локален проектен координатор во Штип*
*Денис Исмаили, Локален проектен координатор во Тетово*



***Контакт:***

Адреса „11 октомври“ бр.18/7, 1000 Скопје
Телефон: 076/225568
E-mail: office@romaversitas.org.mk


Рома Индекс е електронски весник на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Како гласило на Здружението, препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, наша цел е да го информираме, едуцираме и забавуваме читателот за прашања од секојдневниот живот, поврзани со студирањето, домувањето, здравјето, вработувањето и социјалната заштита. Да информираме за успешни личности, но, и да изградиме индивидуалци кои активно ќе бидат вклучени во процесите на креирање и донесување јавни политики на локално и на национално ниво

# ИНФО

## ПОВИК ЗА СТУДЕНТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРОЕКТИ (СИП)

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во рамки на проектот "Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија" објавува повик за Студентски Иницијативи и Проекти (СИП), со кој ќе се доделат грантови за поддршка на **студентите** Роми.

Во рамките на СИП, се подржуваат следните иницијативи:

***1. Грант за практиканство***
***2. Грант за микроистражување***
***3. Грант за организирање на настани***
***4. Грант за учество на настан***
***5. Грант за дополнителна работилница***

Периодот на реализација на сите грантови го одредуваат кандидатите за грант, датумот на завршување на реализацијата на грантот треба да биде најдоцна до 15 Мај 2017 година. Проектот е целосно поддржан од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), Будимпешта.

Повеќе информации во просториите на Ромаверзитас и на web страната каде што е објавен повикот www.romaversitas.org.mk

## РОМАВЕРЗИТАС РАБОТИЛНИЦА - СТРАТЕГИИ ЗА ЕФИКАСНО И ЕФЕКТИВНО УЧЕЊЕ

Главни цели на работилницата „Техники за ефективно и ефикасно учење", беа да се запознаат техниките и стратегиите за ефикасно и ефективно учење и да се препознае свој стил на учење и истата се одржа на 24 септември 2016 година во организација на Ромаверзитас.



Оваа работилница, која има цел да ги зајакне академските способности на студентите Роми во Македонија, на учесниците им претстави современи методи за успешно учење и ослободување од стресот пред испит. Обуката ја одржа доц. д-р Светлана Пандилоска Грнчаровска, а учесниците се стекнаа со соодветни сертификати. Работилниците за зајакнување на академските способности на студентите Роми се дел од проектот „Ромаверзитас - академска и друга поддршка за студенти Роми во Македонија", кое е целосно финансиски поддржан од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## РОМАВЕРЗИТАС ОБЈАВУВА ПОВИК ЗА ТУТОРИ

Поуспешно совладување на наставните материјали и зголемени можности за успешно подготвување и положување на колоквиумите или испитите е целта на туторството, кое го обезбедува Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во рамки на проектот "Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија". Затоа, Ромаверзитас ги повикува сите



заинтересирани да се пријават на Повикот за тутори и со одржувањето туторски часови за одреден предмет да им помогнат на студентите Роми на додипломски студии на државните и приваните универзитети во Македонија.

Часовите меѓу туторот и студентот се индивидуални и се однесуваат на одреден наставен предмет со договорени наставни содржини, договорени датуми, времетраење и место на одржување.

Краен рок за пријавување тутори е до 30 април 2017 година. Повеќе информации на интернет страницата на Здружението Ромаверзитас – http://www.romaversitas.org.mk

# Коментирам значи постојам

## НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЈА ЈАКНЕ САМОДОВЕРБАТА



Вложувајте во образованието на вашите деца доколку сакате да се интегрираат во општеството. Само преку образованието може да направиме интегрални промени.

Имам основа да говорам за образованието и неговата важност. Најпрво, сакам да ја избегнам генерализацијата која останатите ја имаат кон припадниците на ромската заедница дека сите живеат во лоши услови, се занимаваат со физичка слабо платена работа и активно се вклучени во пребарувањето пластични шишиња по контејнери. Раслојувањето на припадниците на ромската заедница, како и кај останатите, го делам на три категории.

Првата категорија, Роми со високо образование, веќе се интегрирани во системот кои, преку својата стручност и професионалност, даваат значителен придонес во развојот на современото македонско општество. Застапеноста на оваа категорија е 20% од вкупната популација Роми во Македонија. Втората категорија Роми се оние кои завршиле задолжително основно и средно образование, владеат со занаети и вештини и се вклучени на пазарот на труд. Оваа категорија е најголема и најзастапена со 70% од ромската популација. Третата категорија се припадници на ромската заедница кои се без или со недооформено образование, живеат во супстандардни услови, користат социјална помош и својот опстанок го обезбедуваат со активности во сивата економија. Застапеноста на оваа категорија е 10 отсто. За жал, кај пошироката јавност, перцепцијата за ромската заедница се рефлектира преку последната категорија.

Кога говориме за проблемите, тие се обратно-пропорционални според застапеноста. Така, најголеми се проблемите кај третата категорија на ниво на секојдневни егзистенцијални проблеми, како што се обезбедување храна, облека, топол дом и обезбедување услови за правилен раст и развој на децата.

Кај оваа категорија, најприсутни се проблемите со институционална поддршка и остварување на основните човекови права и слободи.

Оваа категорија е најизложена на манипулација и злоупотреба од политичките партии.

За да се намалат овие проблеми потребно е делување кон зајакнување на капацитетите на младите луѓе преку поддршка на образованието како основа за развој на припадниците на ромската заедница, преку обезбедување стипендии и поддршка од тутори. Освен младите фокусот треба да биде и кон зајакнување на жените и младите мајки за надминување на конзервативизмот во ромската заедница и подредената улога на жената во ромските семејства преку проекти кои значат поддршка **со неформално образование и нивно вклучување на пазарот на труд.**

Во однос на неформалното образование посебно битен сегмент е волонтерство кое што овозможува стекнување на практични вештини и реално соочување со предизвикот. Вештини и неформалните начини на делување влијаат кон јакнење на самодовербата, борба против пороците, комуникациските вештини и пронаоѓањето начини на изразување на креативноста.

Новите генерации припадници на ромската заедница драматично се разликуваат, во позитивна смисла, од оние пред 20 или 30 години врз основа на кои се темелат ставовите на пошироката јавност и перцепцијата на Ромите во Република Македонија. Веројатно ќе треба да поминат уште дваесет години за јавноста да сфати дека ромската заедница во Македонија, како и сите други, го следи трендот на современото живеење и дава свој придонес во развојот на современото македонско општество.

Сегашните генерации имаат многу поголем пристап до образованието, покрај основното, и средното образование е задолжително, што условува поинакво планирање на иднината и ставање на економскиот момент на прво место.

***Фатма Бајрам Аземовска***, постдипломец и претседател на Здружение за развој на ромската заедница „Сумнал", член на Извршниот одбор на Ромаверзитас

# Топ тема

## ТУТОРСТВОТО – ПАТОКАЗ ЗА УСПЕШНО СТУДИРАЊЕ

Туторот е приватен инструктор кој учи индивидуални ученици по некој конкретен предмет или вештина. Таквиот,,еден-на-еден" метод му дава можност на туторот да го подобри знаењето или вештините на ученикот многу побрзо одколку кога истиот би бил во училница. Многу од нив посетуваат студенти на кои им треба подобрување на знаењето или решавање на други проблеми; многу од нив предаваат и доста напреден материјал за ученици со особени способности и мотивација. Проектот „Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“ има цел има за цел да ги зајакне академските перформанси и постигнувања на студентите Роми запишани на приватните и државните универзитети во Република Македонија. Туторството е дополнителна академска туторска помош за студентите Роми преку индивидуални часови на туторот и студентот за одреден/и предмети. Целта на туторството е поуспешно совладување на наставните содржини и зголемување на можностите за успешно подготвување и полагање на одредени колоквиуми и испити.




Секому во животот му е потребна поддршка и помош. Ромаверзитас, согледувајќи ја оваа реална потреба на студентите, во насока на исполнување на својата мисија – поддршка на студентите Роми, обезбедува туторство за сите студенти во Македонија. Досега, низ процесот на туторирање, поминаа многу студенти, односно, многу практичари или професори кои имаа улога на тутори и поддржувачи на студентите во нивната едукација. За тоа, што значи туторството и кои се придобивките, побаравме мислења од студенти и од неколку тутори.

**Џелана Асанова, туториран студент**



Соочувајќи се со тешкотиите при учење на одредени предмети, почувствував потреба од дополнително преработување на материјалот. Сфатив дека сама нема да успеам да го совладам материјалот и затоа, одлучив да аплицирам на програмата за туторство на Ромаверзитас. Аплицирав и ми одобрија туторство. Почнав со часовите, односно со преработка на материјалот на едноставен и многу полесно сфатлив начин.

Затоа, тврдам дека туторството е прекрасна компонента која дава можност да го научиме тоа што не сме успеале сами. Лично, мислам дека речиси секој има потреба од тутор, барем поголемиот дел од учениците и студентите.

Целта е да успееме побрзо да го положиме испитот и да го научиме потребниот материјал. Во мојот случај, туторот премногу беше ангажиран да ми помогне и што е можно повеќе да научам. Неговата мотивација ми помогна да го совладам материјалот и да успеам да го положам испитот. Препорачувам сите ученици и студенти да ја искористат оваа можност што ја нуди Ромаверзитас, бидејќи има големо позитивно влијание на надградување на нивното знаење.

**Либерта Села, тутор**



За туторските часови дознав од студентите на Универзитетот на Југоисточна Европа, кои, всушност беа заинтересирани. Земајќи в предвид тоа што се уште бев студент (трета година), придобивките од туторските часови ми беа различни и многу бројни. Како прво, тоа е голем плус за моето резиме, бидејќи содржи професионализам и покажува колку си способна да работиш со студент кој покажува голем интерес за еден предмет.

Втора важна работа е флексибилноста на часовите, бидејќи работиш со само еден студент и можеш да се договориш кога одговара да се одржи часот.

Туторските часови, за време на студиите, исто така беа можност да се потсетам на тоа што предходно го учев, но на релаксиран начин. Овозможува да правиш дополнителни истражувања и да ги следиш новостите по предметот на кој работиш. Да се работи со студентката Селвије беше многу лесно. Интересот и сериозноста што ја покажа направи вложениот труд да доведе до резултати.

**Селвије Мустафи, студент**



Туторството претставува алатка преку која на многу полесен начин се надминуваат тешкотиите за разбирање при учењето и за мудро искористување на насоките кои ти ги дава туторот за достигнување на поставените цели. Корисно е затоа што лесно се постигнува зацртаното, се зајакнуваат вештините за учење, се подобрува и перспективата на самостојно учење и почитта кон предметната област.

Исто така, преку туторството студентот го зајакнува својот развој и се зголемуваат позитивните промени и упорноста при учењето. За туторството да биде корисно за студентот, потребно е студентот на паметен начин да ја зграби можноста.

Иако не сум тутор, претпоставувам, мотив за него да предава е споделување на искуството, зголемување на мотивацијата при помагање на другите, зајакнување на вештини (активно слушање, комуникациски вештини), емпатијата кон другите култури, како и самоорганизирање.

**Тони Стојмановски, тутор**



Мојот почитуван студент Асиб се покажа како многу амбициозен и вреден студент, подготвен да одговори на предизвикот. Туторството му беше потребно поради пропуштениот материјал и поради фактот што, лично како тутор, знам конкретно кон што да го насочам за оптимално време да го совлада материјалот. Од моја страна, туторството го разбирам, освен материјалната придобивка и како можност на младите да им се помогне, на полесен начин да ги совладаат тешкотиите во животот.

Чувството кога студентот ќе положи, благодарение на твојата помош, е прекрасно (се чувствувам како јас да сум положил). Од овие причини, туторството е многу полезна работа и го поддржувам во потполност. Секоја чест за Ромаверзитас и за проектниот координатор - Силхан Саитов за напорите што ги вложуваат за да им помогнат на овие млади лица.

**Асиб Зекир, туториран студент**



Искуството ме научи да побарам помош доколку не можам сам, а потоа да им помогнам и на останатите. Подготвувајќи се за испитите без надворешна помош (се однесува на приватни часови и слично), теоретскиот дел и огромниот материјал за учење, со оглед на тоа дека бев бруцош, ми беше вистински предизвик да ги надминам границите на моите можности за учење.

Со оглед на тоа дека предметите, кои генерално беа теоретски, ги положив солидно, но, по предметот математика, на секој студент му беше неопходна помош во однос на решавање задачи и со располагање на милион формули.




Доказ за тоа, ми беше последната сесија, која со помош на тутор, делумно, го положив најтешкот предмет во првата академска година.

И после успешно завршената испитна сесија, како и академска година, заклучив дека туторството претставува можност за студентите Роми да најдат патоказ како поуспешно да ја совладаат наставната програма за условните предмети, а преку нивно успешно полагање да преминат во следната академска година.






**Автор: Доан Сулејманоски**

# Интервју

## РОМАВЕРЗИТАС – СТОЛБ НА ИДНАТА АКАДЕМСКА ЕЛИТА НА РОМИТЕ

## ИНТЕРВЈУ СО НАДИР РЕЏЕПИ, ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР НА РОМСКИОТ ОБРАЗОВЕН ФОНД

*По потекло сте од Македонија, иако долго време работите во Унгарија. Во моментов сте Извршен Директор на Ромскиот Образовен Фонд во Будимешта, фонд одговорен за сите успеси на студентите Роми од европските држави во делот на образованието. Како е да се работи во странство и да се помага во креирање на иднината на ромските студенти во Македониjа ?*

На самиот почеток ги поздравувам читателите на Рома Индекс и секако, уредничкиот тим на вашето списание за дадената можност да се обратам до студентите од мојата држава. Прашањето е интересно, бидејќи, сè уште, не сум си го поставил. Од друга страна, не милувам да давам клише одговор на стандардни прашања.




Иако седум години работам надвор од Македонија, немам чувство дека сум во странство. Динамиката и обемот на работни обврски едноставно не дозволуваат да се чувствувате дека сте во странство или во својата родна држава. Тоа е така поради истородноста на проблемите и страдањата кои ги имаме, односно, степенот на системска дискриминација и исклученост е подеднакво тежок терет врз животот на секој Ром, без разлика дали повеќе или помалку е образован или дали е во една или друга европска држава. Не мислам дека со мојот сегашен ангажман во РЕФ помагам за иднината на ромските студенти. Тоа, пред сè, е одговорност и обврска која ја стекнав преку активизмот во граѓанскиот сектор во Македонија.

Еланот и ентузијазмот од моите млади години се трансформира во професионална обврска поради решеноста да бидам дел од ромското движење, секако на свој начин и со визија за тимска работа. Разликата на мојата сегашна позиција во споредба со оние кои ги имав во Македонија е обемот на влијание – секоја добра или лоша одлука, процена или иницијатива е можност повеќе или помалку во животот на ромските ученици/студенти. Згора на тоа, поради ограничените ресурси, РЕФ не е во можност да даде поддршка на секое барање. Така што, за мене, тоа е најтешкиот дел во работата, свесен дека со тоа губиме таленти и посветени поединци во нивните стремежи да излезат од сиромаштијата и безперспективноста.

*Ромаверзитас по речиси 12 години во Македонија, токму благодарение на поддршката од РЕФ, од минатата година функционира како самостојна студентска организација, која активно придонесува во развојот на ромската академска заедница. Тоа е успех на оние што ја поддржаа идејата на Ромаверзитас и секако, продукт на генерациите кои што произлегоа и ќе произлезат благодарение на поддршката на Ромаверзитас?*

Потполно се согласувам дека успехот на Ромаверзитас е поради ангажманот, идеите и посветеноста на многу студенти низ сите овие години. Ромаверзитас структурите се бренд иницијативи со кои се гордее РЕФ, пред сè, поради фактот што се зачува посебноста и независноста во самоорганизирањето на ромските студенти, развиената култура за критичко мислење и заедничко делување. Тоа се придобивки и квалитети кои се градат макотрпно и со заедништво. Цврсто верувам дека квалитетот на делување и профилирање на сегашните и идните генерации ќе има константно нагорна линија.

*Со ова интервју, всушност, зборуваме за иднината на ромската студентска организација Ромаверзитас. Како директен сведок на функционирање на РВ во претходниот период, денес од позиција на донатор, кажете ни која всушност е целта на поддршката на ваква значајна иницијатива/проект во Македонија и во регионот? Која е улогата на РЕФ во поддршка на високото образование на ромските студенти?*

Да разјаснам. Воопшто не можам кон иницијативите на РЕФ да се поставам како донатор. РЕФ има свои донатори со кои ги договараме и преговараме долгорочните планови и цели за образованието на ромските деца.
Јас како поединец и секако како директор на РЕФ, вложувам напори тие планови да ги направам корисни и ефикасни за потребите и интересите на ромската заедница во сите 16 земји на делување.

Примарната цел на РЕФ и Ромаверзитас е да се даде поддршка на ромските студенти во текот на нивното студирање. Од таму произлегува основниот концепт и поддршка на РЕФ за Ромаверзитас, која содржински и оперативно е отворена за идеите и иницијативите на членовите на организациите во секоја земја. Улогата на РЕФ е да обезбеди континуирана системска поддршка за успешно студирање и секако, да помогне во надградување на квалитетот и обемот на студентските иницијативи на национално ниво. Милувам да кажам дека на Ромаверзитас гледам како на столб на идната академска елита на Ромите, која секако сама треба да избори место и влијание во македонското општество, пред сè преку колективна и професионална одговорност во име на својата заедница. Во однос на тоа, сè додека сум во РЕФ мојата поддршка и спремност за заедничко делување и профилирање на идните ромски лидери во областите на економија, наука, политика и култура е и ќе биде присатна.




*Кои промени може да ги очекува ромската студентска популација? Понекогаш се добива впечаток дека она што било белег на минатото - недоволно одржливи програми, дуплирани активности, различни несистемски нивоа на поддршка , може да бидат дел и од нашата ИДНИНА?*

Имам дилема за мојот одговор. Дали да го засновам врз основа на минатите идеи и искуства од аспект на ромското движење или од развојот на настаните и трендовите на глобален план. Веројатно оваа дилема ја имаат многумина од вас, затоа што степенот на неизвеснот е сè поголем, а циклусите на големи промени се чести и се развиваат во релативно краток временски период. Ромската студентска популација, според мене, ќе има повеќе предизвици за разлика од претходните генерации.

Тоа не значи дека сум песимист за иднината на ромското прашање, туку напротив, само да потсетам дека очекувањата се многу поголеми кога станува збор за одговорноста на интелектуалната елита на Ромите. Пред сè, мислам дека внатрешниот натпревар ќе биде поголем од оној на претходните генерации на ромски лидери и академци, а од друга страна, јасно е дека таков натпревар ќе има и со елитите вон ромската заедница. Времето на импровизација и безусловна поддршка, ако не е минато, сигурно полеку одминува и доаѓа период во кој ромското прашање нема да може да се изолира од севкупниот развој и проблеми во општеството.

*Една деценија ги поддржувате ромските студенти преку различни типови поддршка (стипендии, туторство, јазици, компјутери, проектни итн.). Задоволни ли сте од иницијативи досегашниот начин на функционирање на РЕФ програмите кои, директно или индиректно, ги поддржувате?*

Ромските потреби и проблеми се и локални и национални. И како такви, интересите и решенијата треба да се бараат на тие нивоа. Сето останато кое доаѓа како иденитифкуван проблем или поддршка од интернационално ниво е позитивно, но, за жал е недоволно.



Проблемите се многу слични, но, исто така многу специфични, во и вон рамките на една земја. Така што, многу е неблагодарно и опасно да се генерализира ромското прашање во една рамка. Некако наивно дозволивме да бидеме ставени во рамка на проблематизирање на нашите потреби во сите овие години, кое според мене, е поради фактот што целата енергија и барања се насочени кон легитимирање на меѓународните организации во однос на ромското прашање.

Оддржливоста, координирањето и партнерството со други структури ќе останат предизвик на идните генерации, но, на тоа треба да се гледа повеќе како можност, отколку проблем. На мојата генерација и требаше речиси една деценија делување и учење за да сознае дека нашите идеали, идеи и проекти беа премногу изолирани, да не кажам аутистички, во однос на развојот на македонското општество. Мојата поента тука е дека ромските потреби и проблеми се дел од севкупниот развој, во нашиот случај, на македонското општество и како такви треба и мора да се бараат системски решенија и отчетност од одговорните институции (заедно со другите заедници).

*Ромаверзитас има јасно дефинира цели во однос на своите стратешките приоритети за поддршка на развојот на ромската академска заедница. Дали ова е доволно за да се промени статусот на Ромите во Македонија?*

Како и секоја друга структура, така и Ромаверзитас мора да постави стратешки цели и приоритети за своето делување. Дали е тоа доволно за промени зависи од многу фактори и секако, амбиции кои ќе си ги постави вашата организација. Тука ќе искористам прилика да посочам неколку предизвици кои останаа отворени во рамките на ромската еманципација во Македонија. Политичкиот и граѓански активизам имаше добар старт во раните 90-ти, кој за жал, од колективно поддржан се трансформира во мали невлијателни структури.

Се пропушти моментот за градење идеологија на ромската еманципација и сè што следуваше се фокусираше на остварување на интересите на мали групации и поединци. Зрелоста на Ромаверзитас, веројатно ќе се случи во моментот кога ќе ја вратите колективната димензија во организациската култура на делување. За да стигнете до таа фаза, треба да имате себеостварени ромски интелектуалци, докажани на повеќе фронтови, кои секако ќе бидат спремни да ги жртвуваат личните поради колективните интереси.

Кога се зборува за интернационална организација, говориме за интернационални проблеми и решенија. Какво е вашето искуство? Може ли да говориме за заеднички, исти проблеми од аспект на развојот и поддршката на ромските студенти?

Ромските потреби и проблеми се и локални и национални. И како такви, интересите и решенијата треба да се бараат на тие нивоа. Сето останато кое доаѓа како иденитифукуван проблем или поддршка од интернационално ниво е позитивно, но, за жал е недоволно. Рроблемите се многу слични, но, исто така многу специфични, во и вон рамките на една земја.

Така што, многу е неблагодарно и опасно да се генерализира ромското прашање во една рамка. Некако наивно дозволивме да бидеме ставени во рамка на проблематизирање на нашите потреби во сите овие години, кое според мене, е поради фактот што целата енергија и барања се насочени кон легитимирање на меѓународните организации во однос на ромското прашање.

***Ромските студенти го имаат списанието “Рома Индекс“ во ситуација кога Ромите, речиси, како да немаат своја фокусирана јавност. Тоа е глас за искажување на своите права, нотирање на проблемите и животните ситуации. Ваше мислење?***

Моја препорака е да поставите поголема цел. Гласноста за вашите права, за правата на ромската заедница, треба да ја слушнат сите – институции, политичари, експерти, активисти, медиуми. Тоа нема да биде доволно сè додека не почнете да градите и влијаете врз јавното мислење и резон во и вон ромската заедница. Знам дека тоа е тешко во општество со екстрактивни институции и контролирани медиуми, но, сигурно знам дека Македонија имаше подобри времиња на градење инклузивни институции и слободен медиумски простор. Гласот на Рома Индекс има добри шанси да гради мислење и ставови не само меѓу студентите, туку и нивните семејства, граѓански и политички партии. Споделувајте го, организирајте формални и неформални дебати, форуми и јавни настапи каде што мислите дека вашиот глас е важен и респектиран

*Колку сте задоволни од постигнатото во Македонија од аспект на обична живеачка на едно ромско семејство. Што може да се очекува во иднина, бидејќи факт е дека останаа многу нерешени проблеми? Како РЕФ може да придонесе?*

Иако сум надвор од Македонија, работните обврски често ме носат дома така да имам можност да бидам директно информиран за развојот на настаните. Имам пријатели и роднини кои, пред 2009 година, имаа подобар живот, но, исто така, неколку од нив сега живеат подобро. Она што е алармантно не само за Ромите, туку за цело општество, е нивото на нетолеранција и отуѓеност. Економската нееднаквост и јаз меѓу граѓаните се толку видливи, што голем дел од моите познаници кои беа во т.н. „средна“ класа, сега се на ивица на сиромаштијата. Проблемите изгледаат не само нерешени, туку поголеми и комплексни за решение. РЕФ, според својата мисија, вложува во стекнување на образование и вештини на Ромите. Очигледно, таа поддршка се дава на поединци со надеж и верба дека токму тие ќе бидат носители на нов квалитет на знаење и пред сè делување во интерес на следните генерации. РЕФ, од оваа година, почна да фаворизира педагошки студии, природни науки и нтердисциплинарни студии за да обезбеди подобар квалитет и конкурентност на дипломираните Роми. Сепак изборот и квалитетот на студии останува одлука на самите студенти, која секако низ активностите на Ромаверзитас треба да има своја стратешка насока и кадровска политика според потребите на ромската интеграција.

*Дали Ромаверзитас и понатаму може да се надева и да очекува поддршка од РЕФ и во кој правец?*

РЕФ е во фаза на градење долгорочна стратегија за периодот 2017-2031. Во тој контекст, секако дека Ромаверзитас мрежата на организации ќе биде дел од приоритетните модели на делување во кое е можно да се донесат нови содржини и активности и секако, нов стандард на делување. Ромаверзитас мрежата пожелно е да се развива во квалитет и влијание, пред сè како лабораторија на знаење и идеи, профилирање на лидерски вештини и организирање на заедницата на локално и национално ниво.

Генерално, колку сте задоволни од резултатите од ромската декада 2005-2015 и што е со иницијативата 2020?

Претходно кажав дека сум задоволен од резултатите на Декадата за Вклучување на Ромите. Тоа беше процес во кој научивме многу, процес кој самата заедница не би можела да го покрене во следните 50 години. Иницијативата 2020 е логичен производ на Декадата, односно регионално координирање на земјите кои аспирираат за членство во ЕУ. Преку оваа иницијатива успеавме да го задржиме развојниот фокус и координација во регионот во однос на ромското прашање. Бев директно инволвиран во предлагање на самата иницијатива, знаејќи дека земјите од нашиот регион немаа правно обврзувачки механизам за координирање со членките на Европската Унија во рамки на ЕУ рамката за Ромска Интеграција.
Она што е приоритет за иницијативата 2020 е да се зајакне институционалната сопственост и капацитетите на ромските одделенија во сите земји кандидати.

Според искуствата на Декадата, сите држави во регионот усвоија јавни политики без сериозна политичка дебата, поради што денес има многу мали ставки за имплементација на ромската стратегија од државниот буџет. Идејата на 2020 иницијативата е, во овој период, ромско-фокусираните одделенија да стекнат капацитети и мандат за имплементација на ромските стратегии финансирани од државните буџети и ИПА средствата на ЕУ.

*И за крај, ваша порака до нашите читатели?*

Имам многу теми кои сакам да ги дискутирам и споделам со нашите студенти, кои поради ограничениот простор, за жал, не можам да ги пренесам тука. Се надевам дека ќе имам прилика за средба и дијалог со студентите на некоја од активностите на Ромаверзитас а во меѓувреме на вашите читатели им посакувам успешно студирање и навремено дипломирање.

Ромскиот образовен фонд (РЕФ) е основан во рамките на Декадата за инклузија на Ромите во 2005 година. Мисија и цел на РЕФ е да се намали јазот во образованието помеѓу Ромите и не-Ромите. За да ја постигне оваа цел, РЕФ поддржува политики и програми кои осигуруваат квалитетно образование за Ромите, вклучувајќи и десегрегација во образовните системи.

Преку своите активности, REF промовира вклучување на Ромите во сите аспекти на националните образовни системи на земјите-учеснички во Декадата за вклучување на Ромите, како и другите земји кои сакаат да се приклучат во оваа иницијатива.

РЕФ ја остварува својата мисија преку работење во следните пет програми:

1. Проектна програма за поддршка која финансира проекти и програми.

2. РЕФ Програма за стипендирање, која е најголемата терцијарна програма за стипендирање на студенти Роми.

3. Развој на политики и градење на капацитетите кој поддржува активности кои помагаат да се создаде рамка за дијалог со владите и граѓанското општество за реформите во образованието и вклучување на Ромите.

4. Комуникација и меѓу-државна програма за учење кој ги вклучува активности за промовирање на размена на знаења за реформите во образованието и вклучување на Ромите.

5. Повратни Грантови за да им помогне на ромските НВО и локалните власти пристап до фондовите на ЕУ со цел унапредувањето на образованието на Ромите.



**Интервјуто го спроведе: Сумеа Рахим**

# Советуваме

## ЗНАЕМЕ ДА ЈАДЕМЕ, НО НЕ ЗНАЕМЕ ДА СЕ ХРАНИМЕ!

| | |
|---|---|
| *Јадењето значи земање храна по навика за да се задоволи гладтта* | *Хранењето е планирано земање храна, значи мора да знаеме што и колку јадеме* |

Храната дава енергија за живеење. Затоа, од огромно значење е правилната одлука при нејзиниот избор. Популарната брза храна - fast food во последните години станува junk food – евтино, бајато и нездраво јадење. Оваа храна содржи голем број калории, но мала или никаква хранлива вредност. Можеби, високо-калоричниот оброк има одличен вкус, но ќе Ве остави надуени, со болки во стомакот, зголемена телесна маса и ризик од разно - разни болести.

**Што конзумираме најчесто од нездрава храна?**

| | |
|---|---|
| Пица | **Содржи околу 680 милиграми натриум, 12 грама масти (5 грама заситени масти) и 300 калории** |
| Ладен сендвич | Околу 100 грама чадена, пилешка или мисиркина салама содржи од 900 до 1,100 милиграми натриум и 9 милиграми заситени масти |
| Бургери и пржени компири | Двоен чизбургер со голем помфрит и голем газиран пијалок содржат околу 1,200 калории |
| Пржено пилешко | Парче пржени пилешки гради содржи 500 калории и повеќе, 34 грама **масти** и 1,200 милиграми **натриум** |
| Хот дог | Типичен колбас содржи до 35 грама масти – од кои 15 грама се „лоши“, заситени масти |

**Конзумирање храна со многу калории, масти и натриум го зголемува ризикот од здебелување, хипертензија и дијабетес тип 2**

**Конзумирање храна која го зголемува вашиот „лош холестерол“ го зголемува ризикот за коронарни срцеви болести, срцев и мозочен удар**

Калориските потреби на едно лице зависат од полот, возраста, висината, тежината и степенот на физичка активност. Тие потреби во зависност од овие фактори варираат од 1600 до 2400 калории дневно за возрасни жени и 2000 до 3000 калории дневно за возрасни мажи.

**Храна и состојки чиј внес треба да се зголеми**

| | | |
|---|---|---|
| ***Овошје и зеленчук*** | *Содржат витамини А, Ц, К, магнезиум, калиум, фолати, влакна* | *Го намалуваат ризикот од срцев и мозочен удар* |
| ***Жита и зрнести растенија*** | Содржат витамини од Б групата, магнезиум, железо, селен, влакна | Го намалува ризикот од кардиоваскуларни болести и дијабетес тип 2 |
| ***Млеко и млечни производи*** | Содржи протеини, витамин Д, калциум, калиум, магнезиум, фосфор | Ја подобрува здравствената состојба на коските и го намалува ризикот од кардиоваскуларни болести и дијабетес тип 2 |
| ***Месо, јајца, риба, соја, јаткасти плодови и семиња*** | Содржат протеини, витамин Е и витамини од Б групата, магнезиум, железо, цинк | Го намалува ризикот од кардиоваскуларни болести |

Неколку практики и однесувања се докажани како многу корисни во одржување на здрава телесна тежина, а со тоа и со силен придонес кон здравјето на индивидуите и на популацијата. Неколку совети за кои има цврсти докази:

- Фокусирајте се на вкупниот број на консумирани калории – Навиките во исхраната со прикладен внес на калории може да помогнат кон здрава тежина и вкупно здравје.
- Следете го внесот на храна – Етикетата која се наоѓа на прехранбениот производ ги покажува калориите кои ќе ги внесете ако изедете една порција или најчесто 100 грама од производот. Тоа може да помогне за следење на внесот на калории.
- Кога се јаде надвор, најдобро е да се земаат помали порции – Секогаш кога е тоа можно, најдобро е да се нарача помала порција, да се подели порцијата или да се земе дел од неа дома и дома да се изеде.
- Јадете нутритивно-богат појадок – Јадењето на појадок е поврзано со одржување на здрава тежина, како и подобрен нутритивен внес.
- Ограничете го времето пред екран – Времето поминато пред екран, особено во гледање телвизија, е директно поврзано со прејадување. Треба да се избегнува гледање телевизија додека се јаде, бидејќи тоа може да резултира со прејадување.

**Автор: Сумеа Рахим**

# Препорачуваме

## ПРИСТАП И РАБОТА СО GOOGLE DRIVE

Еден од најкорисните уреди кои Ви го олеснуваат секојдневието е вашиот USB драјв. Но, знаете ли дека со вашата Gmail адреса добивате online USB драјв со простор од 15GB? Во превод, овој простор од 15GB е еднаков на 45.000 документи од секаков тип. Единствен недостаток на ова online складиште е достапноста на интернет конекција, но без неа, во денешно време, компјутерите се практично бескорисни.

## ПОСТАПКА ЗА КРЕИРАЊЕ GMAIL

Доколку веќе имате Gmail, преминете со читање на следниот поднаслов за тоа како се користи бесплатниот online Google драјв. Доколку сте корисник на Yahoo или Hotmail/Outlook како ваша главна email адреса, моја препорака е веднаш да направите и Gmail (Google акаунт) за да може да го користите вашиот новокреиран бесплатен online Google драјв.




Следете ги чекорите за постапката за креирање Gmail.

На вашиот интернет пребарувач во полето за впишување на назив на веб страница напишете „gmail.com"




Пред вас ќе се отвори страница, на која во горниот десен агол или подолу треба да притиснете на „Create an account".

Ќе се појави страна на која, каде што треба да потполните име и презиме, име на корисничкиот профил (е-маил адреса), лозинка што ќе ја одберете и нејзина потврда, ден, месец и година на раѓање, пол, мобилен телефон (најбезбедна опција), некоја веќе постоечка ваша е-маил адреса (опционо поле), локација.Следен чекор: Кликнувате на синото поле „Next step". На прозорецот, на кој ќе треба да „скролате" надолу за да Ви се одмрзне полето „I AGREE" и да стане сино како на долунаведената слика. Кликнувате на веќе синото



копче „I AGREE". Вашиот кориснички профил е веќе креиран. Ви се отвара прикажаниот прозорец на кој кликнувате „Continue to Gmail"

Чекате да се стартува вашиот новокреиран Gmail. Почетен прозорец кој содржи општи информации за работата на Gmail на кој со кликање на „Next" може да го разгледате или да кликнете на посочениот бел X за да го затворите прозорецот и да пристапите кон работната површина на вашиот Gmail.



Ова е почетниот екран на вашиот Gmail, со кликнување на „COMPOSE", може да напишете меил, како и со другите акаунти што ги имате како Yahoo или Hotmail/Outlook. Вашиот Gmail е целосно нагоден, а подолу следат објаснувања за пристап до Google Drive вашиот онлајн USB драјв.

## ПРИСТАП И РАБОТА СО GOOGLE DRIVE

На следните слики е опишан процесот за пристап и работа со Google Drive. Со впишување на „google.com/drive" на вашиот пребарувач се отвара прозорец, на кој го кликнувате синото копче „Go to Google Drive".




Ви се отвара прозорец за впишување на вашата gmail адреса, и вашата лозинка

За корисниците што прв пат пристапуваат на нивниот Google Drive, ќе се отвори следниот прозорец на кој може да ги разгледаат подобностите на Google Drive или да кликнат на посочениот црн X.



Ова е почетниот екран на Google Drive. Во горниот лев агол со кликнување на синото копче „New" може да прикачите фајл, цел фолдер или да креирате фолдер. Во левиот дел на екранот на означеното правоаголниче може, во секое време, да следите колку место преостанува на вашиот онлајн USB драјв.




Опциите при кликнување на „New":
- Креирање папка на работниот екран
- Прикачување датотека
- Прикачување цел фолдер

Со кликнување на опциите за прикачување го селектирате посакуваниот фолдер или датотека, кликнувате на "Open", и чекате да се прикачи.




Во долниот десен агол може да ја следите состојбата со прикачување на вашите датотеки и кога прикачувањето ќе биде готово, датотеката ќе се појави на работниот екран.

Во долниот десен агол може да ја следите состојбата со прикачување на вашите датотеки и кога прикачувањето ќе биде готово, датотеката ќе се појави на работниот екран.



На оваа последна слика се прикажани опциите при кликнување десен клик врз датотеката:



датотеката можете да ја споделите со одредени лица преку нивниот меил, опцијата „Share..."



да направите линк за споделување на датотеката, опцијата „Get shareable link



доколку одите во копирница и сакате да го испринтате документот го симнувате на „Download"

.

Сега останува да ја истражите работата на Google Drive и да ги прикачувате и организирате вашите датотеки.



**Автор: Кенан Таир**

# Застапуваме

## ПРОМЕНИТЕ ПОЧНУВААТ ОД ПОЧЕТОК



За теоријата на промени во некоја друга прилика, но, во овој текст ќе го застапувам ставот дека промените навистина почнуваат од почеток. Во рамки на Рома Индекс, во овој и во следните броеви, ќе прикажеме проекти и иницијативи кои навистина предизивикуваат промени во општеството. Ќе почнеме со краток елаборат на промените коишто се случуваат со вложување од почеток.

> Некои луѓе заминуват, други доаѓаат, трети се губат, а некои останувaат таму каде што секогаш биле, благодарение на она што го направиле за другите. Не вчера, не утре, туку денес и сега е момент што го имаме за промени кои треба да бидат запишани.

Во овој случај, промените посветени на развојот и инклузијата на ромските деца во предучилишното образование. Ромскиот Образовен Фонд и Министерството за труд и социјална политика, од 2007 година до денес, во заедничко патнерство спроведуваат иницијатива/проект за инклузија на деца во предучилишно образование. Имено, за промените да почнат од почеток, некој требаше да го иницира и подготви ваквиот проект (повеќе: Министерството за труд и социјална политика - Одделение за имплементација на Стратегијата на Ромите) за друг финансиски да го поддржи – (повеќе: Ромски Образовен Фонд). Успешните приказни се креираат токму во моментот кога децата ќе се вклучат во предучилишното образование и проактивно ќе се работи со нив од најрани години.

Проектот "Инклузија на деца Роми во јавни предучилишни установи (детски градинки) продолжува и во учебната 2016/2017 година. Ќе се реализира во 19 општини Тетово, Гостивар, Берово, Делчево, Виница, Штип, Кочани, Скопје (Шуто Оризари, Карпош, Гази Баба,Чаир, Центар), Кичево, Прилеп, Куманово, Велес, Битола, Пехчево и село Црник и Дебар. Преку проектот ќе бидат подржани 610 деца кои ќе имаат можност, бесплатно, да бидат вклучени во детските градинки.

Главната цел е подобрување и поддршка на интеграцијата на децата Роми преку зголемување на нивниот број во предучилишните установи, една до две години пред поаѓање во основно образование. Исто така, се настојува да се подобри ставот на родителите на опфатените ромски деца преку јакнење и поддршка на развојот и образованието на ромските деца, подобрување на социјалните вештини, подобрување на владеењето со македонскиот јазик, зголемување на компетенците на воспитувачите и негователките за работа, како и надминување на предрасудите и стереотипите за Ромите во јавните детски градинки. Исто така, од оваа година, со поддршка на донаторот, прв пат, ќе биде поддржано и ангажирањето на ромска негователа во детската градинка во Дебар.

| **Проект** | **Инклузија на деца Роми во јавни предучилишни установи** |
|---|---|
| **Имплементатор** | Министерство за труд и социјална политика , 19 општини и детски градинки |
| **Партнери** | Ромски НВО/ медијатори, ЕЛС, детски градинки |
| **Период на имплементација** | 2006 – 2016/17 година |
| **Буџет** | < 1 милион евра |

**Постигнати резултати**

- 3,537 бесплатно вклучени ромски деца во предучилишното образование до 2015/2016 год (2400 евра вложени средства по дете за бесплатно одење во градинка)
- Поддршка во материјални ресурси за работа со децата
- Успешна соработка помеѓу институтите (МТСП, ЕЛС, детски градинки), РЕФ и ромски НВО
- Иновативни методи на вклучување на ромските родители во раниот развој на децата
- Зголемување на учеството на ромските деца во предучилишно образование (од 0,10% во 2005/2006 година колку што бил бројот на деца Роми на национално ниво во градинка до 2,28% колку што изнесува денес бројот на вклучени деца)
- 100% успешен проод во основно образование
- Подигната свест на родителите за важноста на претшколското образование
- Вработени 17 ромски негователи со постојано вработување во детските градинки

***Автор: Е.Мемети***

# Анализа

## АФИРМАТИВНИ МЕРКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА НЕЕДНАКВОСТ

Причината поради која одлучивме да пишуваме на оваа тема е позачестените критики кон Ромите, дека како резултат на одредени афирмативни мерки тие уживаат преференцијален третман и дека мнозинството чувствува обратна дискриминација односно сметаат дека ги губат студентските места поради "помалку" квалификувани кандидати кои се избираат исклучиво само поради припадноста кон одредена етничката заедница. Во институциите на високото образование, афирмативна акција се однесува на политиките за прием на кој се обезбедува еднаков пристап до образование за оние групи кои се историски исклучени или недоволно застапени, како што се жените и малцинствата




Според македонската регулатива афирмативни мерки се "активности на надлежните државни органи кои се насочени кон спречување и заштита од дискриминација, односно намалување или елиминирање на фактичка нееднаквост, којашто настанала како резултат на претходна дискриминација". Со други зборови афирмативните мерки значат вклучување и зголемување на бројот на лица коишто до скоро време биле исклучени од секое можно ниво во општеството. Се разбира овие мерки треба да бидат временски ограничени се додека не се оствари првичната цел рамноправност и еднаквост во различните сфери во општеството. Според дефиницијата овие мерки се воведуваат како резултат на претходна дискриминација кон одредена категорија на луѓе, да ги погледнеме резултатите од исклученоста и не-еднаковиот пристап кон Ромите:

**Животниот век на Ромите е пократок за 10 - 25 години за разлика неромите**. Мајката Ромка се соочува со два пати поголема веројатност дека може да почине како резултат на компликации при породување. **Стапката на смртност кај новородените Роми е три пати поголема за разлика од неромите и изнесува 28/1000 кај Ромите додека пак кај неРомите е 9.9/1000.**

**Просечниот приход на едно ромско семејство изнесува 10,268** денари додека пак просечниот приход на неромско семејство изнесува **19,997 денари, што претставува разлика од дури 50% помал приход**..

Кај возрасните Роми **стапката на невработеност е двојно или тројно поголема од онаа на Не-ромите и изнесува 53% споредено со околу 26%** од целокупната популација, додека пак кај младите Роми овој број е уште поголем и изнесува дури до 71%, кај жената Ромка 85%. Ромското дете кога станува работоспособно, реализира дека државата му овозможува многу помалку можности отколку на неромското дете. Тука не се наброени оние деца кои работаат на улица, а треба да се во училишните клупи. Веројатноста на осипување кај Ромските деца е за два до три пати поголема за разлика од неромското дете.

Ваквиот третман низ историјата и фактичката состојба со која се соочуваат Ромите денес не може да биде негирана. Минатото сеуште се рефлектира во секој момент од нивниот живот од нивното раѓање па се до нивната смрт.

**Перцепции на мнозинското население за афирмативните мерки**

Со донесувањето на Рамковниот договор, малцинските заедници добија одредени права од РМ од кои како најзначајни се издвојуваа правичната застапеност во администрацијата, образованието и употребата на јазикот како и територијалната организација. Овие мерки претставуваа унапредување на положбата на малцинствата, во духот на мултиетнички соживот и толеранција. Сепак, по спроведувањето на овие мерки,

денес владее перцепција дека мнозинското население е во одредена мера "оштетено" на сметка на малцинските заедници. Во ваква констелација, афирмативните мерки се повеќе негативно се перципираат во македонското општество и владее мислењето дека одредени права им се скратуваат на мнозинската заедница.

Ромите во оваа мера се најзасегнати, бидејќи најголем дел од афирмативните мерки и програми се однесуваат на нив. Негативни мислења и ставови може да се увидат во јавноста, кое е потпомогнато од медиумите, заборавајќи на фактот дека разните програми кои произлегуваат за Роми се генерирани од огромни листови истражување, ангажирање на експерти, конференции, разговори, вработување, но сепак повеќе за не-Ромите отколку за корисниците (Ромите) Чести се изјавите на граѓани – *„Зошто Ромите да се фаворизираат во однос на другите, до кога овие програми ќе важат само за Ромите*", или пак *„Ромите ги примаат на факултет само затоа што се Роми а не затоа што заслужуваат"*, дали е фер да се вработува или запишува на факултет помалку квалификуван Ром во споредба со квалификуван не Ром?

Ваквите ставови и перцепции се резултат на пропагнда, манипулации и невистини, ставови коишто не се поткрепени со факти и аргументи, а придонесуваат кон негативно мислење кај обичниот граѓанин.




Според анализата на Трајановски и Бошкова спроведена на универзитетот Св. Кирил и Методиј, дури 62,4% од испитаниците се изјасниле дека не знаат што се афирмативни мерки. Од друга страна пак оној процент на студенти што се запознаени со оваа мерка покажуваат висок степен на нетолеранција. Од 32,4% коишто го знаат значењето на афирмативните мерки само 16,7% сметаат дека овие мерки се оправдани додека останатиот дел не ги оправдуваат овие мерки.

Интересен е фактот дека оние коишто се изјасниле дека се запознаени со афирмативните мерки како вид на позитивна дискриминација ја наведуваат политичката припадност. Всушност политичката припадност како вид не се смета за позитивна дискриминација, напротив привилегирањето на поединец поради политичка припадност се смета за дискриминација. Една претпоставка е дека незапознаеноста со оваа политика, односно со причините за нејзино воведување може да предизвика негативни ставови на оние што се среќаваат со неа во практиката.

Во Македонија афирмативните мерки се спроведуваат години наназад, особено квотите на универзитетите, и со оглед на состојбите на малцинските заедници во Македонија голема е веројатноста дека истите ќе продолжат и во наредните години, а можеби и децении. Оправданоста за продолжување на овие мерки е заснована врз фактот дека со години наназад нема прогресивна промена во квотите наменети за малцинските заедници, и процентот кој што се користе сега не е пропорционален со моменталната процентуална застапеност, и затоа е потребно зголемување на оваа бројка.

**Зошто нема промена во бројките?**

Додека во светот сите се борат за различност кај нас постои ограничување во тоа колку треба да бидеме различни во рамките на факултет. Имено на факултет за обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2016/2017 година дополнително може да се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – прв циклус студии на ниво на факлултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на **сите заедници**, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија (во овој случај Ромите со 2,66%). Останува прашањето колку Роми може да бидат запишани во рамките на еден факултет и зошто со години немаме радикални промени?

Проблемот е во тоа што Ромите сеуште ја немаат достигнато процентуалната застапеност од 2,66%, а квотите ги третираат како да го постигнале нивото со тоа што секоја академска година без разлика колку и да се зголемува бројот на студенти на ниво на факултет процентот од 10% за сите заедници останува ист.

Исто така треба да се напомене дека универзитетите и Министерството за Образование не успеаја да воспостават никаков механизам кој што ќе ги спречи злоупотребите при декларирањето на припадноста кон одредена етничка заедница се со цел да бенефитираат од квотите наменети за малцинските заедници. Интересен е фактот дека веќе не се запишува етничката припадност во диплома за завршено средно образование. Во минатото тоа беше пракса и беше единствениот факт кој што помагаше при утврдување етничката припадност на студентите кои се запишуваат во прва година, и согласно тоа се вклучуваа во соодветна квота и донекаде се спречуваа злоупотребите на ваквите мерки наменети за малцинските зедници. Денес тоа е невозможно па затоа расте бројот на нероми кои се декларираат како Роми и ги користат квотите наменети за оваа етничка заедница. Отстранувањето на полето за етничка припадност од дипломите за средно образование фрла еден голем сомнеж во намерите на МОН, и ова е уште една причина поради кои Ромите треба посериозно да ја согледаат оваа состојба.




Од друга страна, голем број на случаи каде ромски студенти со одличен успех кој што аплицирале на редовна квота но се декларирале како Роми при запишување, веднаш се директно префрлани во дополнителна квота (малцинска) иако според успехот треба да останат во редовна квота. Со ваквата пракса се губи бројот на запишани Роми на студенти, бидејќи со самото префрлање од редовна на дополнителна квота, на негово/нејзино место се запишува не-Ром. Доколку студентот остане во редовна квота, тогаш уште еден студент Ром/ка може да се запише на дополнителна квота. Дополнително, афирмативната мерка не треба да се гледа само како елиминирање на фактичка нееднаквост (бројки) туку треба да се напомене дека ваквите мерки додаваат дополнителна вредност со вклучување на оваа категорија на луѓе односно зголемување на различноста. Различноста допринесува кон поголема почит, разбирање, различно мислење, искуства, аспирации и перспективи од коишто исто така мнозинството може да придобие. Создавањето на атмосфера што ќе биде безбедна и инклузивна за припадниците на малцинските заедници треба да биде заеднички императив на универзитетските и на студентските тела, затоа што инклузивноста и различноста се мерливи показатели од кои, сè повеќе, зависи угледот на Универзитетот.

## *ЗАКЛУЧОК*

Како маргинализирана група Ромите треба да се борат за да ја зголемат нивната моќ, кохезивност и застапеност во сите битни сегменти од општествениот живот. Воедно зголемениот број на Роми академци и интелектуалци, говори дека тие се веќе способни за креирање на политики кои се од нивен интерес и директно ги засегаат. Афирмативните мерки треба да продолжат да се имплементираат со одредени промени се додека не се обезбеди еднаков третман и правична застапеност за сите во реалноста. Она што недостасува во овој момент се податоци, методи и временски рамки според кој ќе се следи прогресот на Ромската заедница Без податоци сите коишто се занимаваат со ромското прашање работат во темнина. Можеби некој ќе се спротистави на овој став дека не треба поединците да се гледаат како бројки, но јас сметам дека само бројките може да ги притиснат институциите да погледнат во реалноста во која се наоѓаме. Само така може да побараме од институциите да ни го дадат тоа што ни припаѓа.

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSES

**Автор: Тим на Ромалитико**

# Ромски идентитет

## 5ТИ НОЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА РОМСКИОТ ЈАЗИК




Секоја година на 5-ти ноември, Ромите во Европа го прославуваат Меѓународниот ден на ромскиот јазик. Говорен низ целиот свет, ромскиот јазик е јазикот на Ромите, јазик сочуван и пренесуван од генерација на генерација низ вековите.За време на Првиот ромски конгрес во 1971 година, ромскиот јазик беше официјално признат како јазик на Ромите во Европа. Ова доведе до негово вклучување во различни меѓународни прописи, вклучувајќи ги и Советот на Европската повелба на Европа за регионални и малцински јазици.

Светскиот ден на ромскиот јазик прв пат беше одбележан на 5ти ноември 2009 година во Загреб, по иницијатива на Здружението за унапредување на образованието на Ромите во Хрватска “Кали Сара”. Датумот е избран на 5-ти ноември, во чест на денот на кој во 2008 година бил објавен првиот Ромско - хрватски и Хрватско - ромски речник од Вељко Кајтази, објавени од страна на Ромска асоцијација за унапредување на образованието на Ромите во Хрватска “Кали Сара”, од Загреб и Одделот за ориентални студии на Филозофскиот факултет во Загреб.Следната година, во истиот ден, е одржан Првиот симпозиум на ромски јазик, на кој, кога се собраа учесници од целиот свет ја донесоа Повелбата и Декларацијата на Симпозиумот по повод Светскиот ден на ромскиот јазик, кој беше потпишан од страна на сите учесници, меѓу кои беа и претставници на Меѓународна унија на Ромите.

Оваа повелба во чие создавање се вклучени 260 истакнати претставници на Ромите и не-Ромите, ја покани целата светска јавност да се приклучи на иницијативата на популаризација на ромскиот јазик, зачувување на културниот и националниот идентитет, образование и писменост на Ромите и подобро разбирање на сите луѓе. Истовремено, на декларацијата на првиот симпозиум беа повикани сите држави за да обезбедат на Ромите и ромскиот јазик еднаков статус со другите јазици на малцинствата во овие земји, а донесени се следните заклучоци:

1. 5ти Ноември да се слави како Меѓународен ден на ромскиот јазик во сите земји каде што живеат Ромите;
2. Да се регистрира, ратификува и имплементира повелба за регионалните и малцински јазици, вклучително и ромскиот јазик, со цел да се обезбеди поддршка, особено во областа на образованието на мајчин јазик, презентирање на ромски јазик на пошироката јавност како јазик кој ги исполнува сите барања на современите европски јазици, но и начини на изразување на традицијата и културата на Ромите;
3. Да се олесни користењето на ромскиот јазик со употреба на експресивни стилски средства кои говорат за богатството на ромскиот јазик, како и употребата на говорниот јазик за секојдневна комуникација во размената на уметничкото творештво, пишување за печатените медиуми, радиото и телевизијата;
4. Да се поддржи преглед, анализа и проучување на јазикот и културата на ромски јазик на академско ниво, создавање на сектори на универзитетите и трансфер на особеностите на ромскиот јазик и култура преку курсеви, семинари за обука, преводи, зборници, изложби, театарски претстави, книжевни дела и др.

Меѓународниот ден на ромскиот јазик денес во Хрватска се прославува како ромски национален празник и зема еднакво место со уште две ромски празници: Меѓународниот ден на Ромите (08.04.) и Меѓународниот ден на сеќавање на жртвите од холокаустот на Ромите (02.08.).

„Ромскиот литературен јазик во Македонија чии постулати ги имаше поставено Шаип Јусуф и ги негуваше како лектор во редакциите на ромски јазик во Македонската радио телевизија е еден од главните фактори кои на ромскиот народ им овозможил да го сочува својот идентитет, култура и традиција. Во изминативе години многу се работеше на подобрување на состојбата со изучувањето на ромскиот јазик. Краен резултат на заедничките напори на ромските активисти од земјава е факултативната настава по ромски јазик во неколку основни училишта, потоа изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите“ во основното образование, а во пресрет на Меѓународниот ден на ромскиот јазик во 2011 година во рамки на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје беше одржан и првиот час во чест на почетокот на изучувањето на ромскиот јазик како изборен јазик на овој факултет.” - Изјава на Севдија Демирова Абдулова,ромски преведувач и лингвист



**Автор: Сибел Бајрам**

# Алумни

## ВЛОЖУВАЊЕТО ВО СЕБЕ Е НАЈИСПЛАТЛИВА ИНВЕСТИЦИЈА



### КОЈ :

Почетокот на мојот развој од средношколка со одличен успех на училиште, во активна студентка, дипломиран новинар, студент на магистерски студии, вработена жена, мајка и сопруга започна пред повеќе од десет години кога стоев исправена пред сите овие предизвици кои сакав да ги постигнам.

### ШТО:

Со почетокот на моите студии, истовремено, станав и дел од проектот за високообразование на Ромаверзитас. Мојата желба за студии и академски успеси беа поддржани со курсеви по англиски јазик, обуки за академско пишување, методологија на научно истражување, комуникациски вештини, обуки за јавен настап и презентациски вештини. Имав и ментор-новинар кој, исто така, овозможи да бидам присутна на неговите закажани интервјуа, разговори и новинарски задачи, ме запозна со луѓето од новинарската фела и ми помогна да добијам јасна слика за новинарството како професија.

### ЗОШТО :

Струката за која студирав ми даде за право да бидам дел од групата студенти иницијатори да се создаде, чинам првото, списание на студенти Роми во Македонија – РОМА ИНДЕКС. Во весникот, месечно издание на проектот Ромаверзитас, го вложивме нашето време, знаење и искуство кое тогаш го имавме. **<u>Оставивме трага како студенти кои нешто направија за општественото добро на сите.</u>**

Тоа што учев и редовно ги полагав испитите на факултет овозможи да продолжам да бидам дел од програмата за високо образование и ми го отвори патот на кариерата и работењето. Првото мое работно ангажирање започна благодарение на презентација одржана во Ромаверзитас за програма за практиканти на која бев примена да работам во Собранието на Република Македонија.

Тоа беше моето прво работно искуство кое ми донесе многу можности за работа. Учествував во истражувања за образованието за Ромите, работев на медиумски анализи, на работи поврзани со процесот на Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, работев на имплементација на образовни проекти во невладини локални и меѓународни организации и со напорна работа научив многу.

### И ШТО ПОТОА .......

Денес, работам како советник во Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и професионално ги извршувам сите работни задачи, практикувајќи ги знаењата стекнати преку моето формално и неформално образование, низ годините на учење и работа.

И бидејќи целта на оваа статија е да им дадам позитивен пример на сегашните и идните генерации студенти Роми и читатели на ова списание, за пример ќе го издвојам моето напорно учење и вредно работење. **Бидејќи вложувањето во себе, можеби, е најголемиот влог во младоста и најисплатливата инвестиција во животот која ми ги оствари сите предизвици пред кои стоев и силно сакав да ги постигнам**




**Автор: Сабина Реџепова**

# Анегдоти

---

При една изложба во Париз еден посетител го прашува уметникот:

- Зошто вашето дело е толку високо закачено??

На тоа уметникот одговорил:

-Не се секирајте, и онака критичарите ќе се обидат да го симнат.

---

Наполеон бил во својата библиотека и сакал да достигне една книга од повисоката полица, но, бидејќи бил низок по раст, природно не можел. Еден од неговите придружници се понудил да помогне, велејќи му:

- Дозволете, јас сум поголем.

Наполеон го изгледал одоздола и му рекол:

- Мислите, повисок.

---

Еднаш новинар го прашал Џон Ленон:

- Каква музика слушате по дома.

Ленон: Не слушам музика воопшто, никогаш.

- Па, како тогаш ги правите песните, од каде црпите инспирација?

Ленон: Па да ве прашам, дали мислите дека Пикасо се шетал по музеи за да бара инспирација што да слика?

---

Ветеринарот и доктор Роберт Кох седеле заедно со друштвото кога некој од нив сакал да го понижи па му рекол:

- Значи ти си лекар за добиток така??

Кох возвратил гордо: ДА, што ве боли?

# За Ромаверзитас

Проектот Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија.

Ромаверзитас од програма на ФООМ премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

**Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“**
РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е претпознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

**Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“**
РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршка за личен развој.

**Цели на проектот**

- да се зголеми бројот на студенти Роми во државните и приватните универзитети во Република Македонија;
- да се зголеми вклученоста на студенти Роми во високото образование преку обезбедување индивидуална, академска и неформална поддршка;
- да се подобрат академските перформанси, постигнувања, индивидуални вештини и капацитети на студенти Роми запишани во државните и приватните универзитетите во Република Македонија;
- да се креира средина за општествена партиципација на младите Роми во Република Македонија за прашања кои се поврзани со инклузија на Ромите;
- да се формира РОМАВЕРЗИТАС алумни од Роми со завршено високо образование кои беа поранешни корисници на активностите на РОМАВЕРЗИТАС.

*Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.*



romaversitas

ROMA EDUCATION FUND